# СТРАТЕГИЈА ЗА РАЗВОЈ НА ВОЛОНТЕРСТВОТО ВО ОПШТИНА БИТОЛА 2015-2018

EMBASSY OF THE UNITED STATES OF AMERICA

МладинскиКултурен Центар-Битола

Општина Битола

# СТРАТЕГИЈА
# ЗА РАЗВОЈ НА
# ВОЛОНТЕРСТВОТО
# ВО ОПШТИНА
# БИТОЛА
# 2015-2018

Овој проект е делумно поддржан од Амбасадата на САД. Мислењата, откритијата и заклучоците или препораките изнесени овде се на имплементаторот (ите) / авторот (ите) и не ги одразуваат оние на Владата на САД.

## Работна група која ја подготвуваше стратегјата:

Мери Нашоку, МКЦ – Битола

Златко Талевски, МКЦ - Битола

Маја Ангеловска, МКЦ - Битола

Виолета Налевска, Општина Битола

Габриела Илиевска, Совет на Општина Битола

Елена Трајчевска, Совет на Општина Битола

Виктор Илиев, ИМКА Битола

Анета Ѓоргиевска, ЈЗУ Завод за рехабилитација на слух говор и глас Битола

# СОДРЖИНА:

**1. Вовед**..........................................................5
1.1 Општа цел на Стратегијата.....................................6
1.2 Методологија.......................................................7
1.3 Принципи.............................................................8
1.4 Целна група и опфат.............................................10
1.5 Временска рамка..................................................11

**2. Анализа на состојбата со волонтерството во општина Битола**..................................................12
2.1 Кратка анализа на состојбата во Македонија........12
2.2 Анализа на состојбата на волонтерството во општина Битола..................................................13

**3. Специфични цели**..............................................15
3.1 Промоција на волонтерството во општина Битола..................................................15
3.2 Поттикнување на волонтирањето на локално ниво.........................................................16
3.3 Интегрирање на волонтерството во образовниот систем..............................................16
3.4 Воспоставување систем за институционална поддршка на волонтерството..................................17

**4. Спроведување, следење и ревизија**.........................18

**5. Акциски план 2015 - 2018**......................................19

# 1. Вовед

Во Република Македонија волонтерството се повеќе се развива и добива важност во локалните заедници. Тоа има голем потенцијал за подобрување на квалитетот на живот во локалните заедници, придонесува за зголемување на граѓанското учество во општествениот живот, за создавање на локални мрежи и создава чувство на одговорност за решавање на проблемите што постојат во заедниците. Имајќи во предвид дека во согласност со Законот за волонтерство локалните заедници се стимулираат да ги вреднуваат и наградуваат волонтерите, Младинскиот културен центар - Битола иницира соработка со општина Битола за имплементација на регулативата од областа на волонтерството на локално ниво преку креирање на документ за јавна политика - локална волонтерска стратегија.

Битни насоки за изработка на локална стратегија за волонтерство на општина Битола дава Стратегијата за соработка на општина Битола со граѓанскиот сектор и негов постојан развој 2012 – 2015 година. Една од мерките за остварување на специфичната цел „Поттикнување на граѓанскиот активизам, волонтерството и општествената одговорност“ во рамките на оваа стратегија е „изработка на локална стратегија за волонтерство“ со што општина Битола се заложува да ги овозможи сите потребни услови за изработка на стратегијата и најзино усвојување од страна на Советот на општината. Општина Битола тргнува од фактот на досега успешната соработка со граѓанските организации на полето на волонтерството, но и од фактот дека на национално ниво, покрај Законот за волонтерство донесен 2007 година, постои и Стратегија за унапредување и промоција на волонтерство 2010 – 2015, којашто меѓу другото има потреба од пренесување на активностите и на локално ниво.

Иницијативата претставува модел на граѓанско учество во процесите на донесување на одлуки поврзани со развојот на волонтерството во Македонија. Процесот на подготовка на стратегијата, воден од Младински културен центар – Битола е дел од проектот „Граѓаните во акција – локална волонтерска стратегија“ финансиски поддржан од Амбасадата на САД во Република Македонија.

Локалната волонтерска стратегија на општина Битола претставува функционален институционален механизам за стимулирање на волонтерски активности на локално ниво и поддршка на волонтерските организации да дејствуваат како посредници помеѓу граѓаните (волонтери) и можностите за волонтирање во локалната заедница.

Со овој стратешки документ се дефинираат насоките и областите за развој на волонтерството, одговорностите и улогата на клучните засегнати страни, начините за негова промоција и моделите за имплементирање на локалната волонтерска стратегија. Стратегијата претставува основа за создавање на клима за признавање на волонтерите и волонтерската работа како неопходни за развојот на општеството и локалната заедница, но и за личен развој на волонтерите - стекнување на нови вештини за подобро прилагодување на пазарот на труд, социјална инклузија и себереализација.

Од друга страна, поттикнувањето на граѓаните и граѓанските организации активно да се вклучат во равојот на локалната заедница преку учество во процесите на донесување на одлуки, значи и поефикасна, поодоговорна и потранспарентна локална самоуправа.

Стратегијата е усвоена од страна на Советот на општина Битола на седницата одржана во јануари 2015 година.

## 1.1. Општа цел

Општа цел на стратегијата е постојан развој, промоција и јакнење на волонтерството во Општина Битола.

Со стратегијата примарно се сака да се остварат следниве вредности:

- Зголемување на свеста на граѓаните за волонтерското ангажирање и создавање на култура на негување и практикување на волонтирање во локалната заедница;

- Развивање и мерки за стимулирање и поддршка на волонтерството во сите општествени сегменти: граѓанско општество, јавни институции, локална власт, образование итн.);

- Изградба на социјалниот и човечкиот потенцијал преку волонтерскиот ангажман и придонес кон континуиран локален развој.

За остварување на овие вредности општина Битола ќе се залага за унапредување на соработката со граѓанските организации, но и со другите засегнати страни: јавни и образовни институции, локални бизниси, медиуми итн. Преку заедничка соработка континуирано ќе се спроведуваат кампањи за подобрување на имиџот на волонтерската работа, промовирање на позитивни облици на волонтирање, а со цел стекнување на доверба во волонтерите и волонтерската работа, намалување на предрасудите и стереотипите. При тоа, ќе се има во предвид дека информациите за волонтирање мора да бидат структурирани и дека е потребно да се воведат механизми за наградување и мотивирање на постоечките и потенцијалните волонтери. Се потенцира, исто така, неопходноста од континуирана едукација, а преносот на знаења треба да биде квалитетен, со цел да се обезбеди континуитет на волонтерските програми. Особено е важно да се зајакне секторската и меѓусекторската соработка, да се зајакнат капацитетите на волонтерските организации и да се развива база на понуда и побарувачка на волонтери. Стретегијата цели да развива и корпоративното волонтирање како прилично непознат облик на волонтирање во нашата локална заедница.

Креираниот документ за јавна политика - локална волонтерска стратегија, во иднина ќе им послужи на локалните власти како основа во напорите за социјален и економски развој на општината и одржлив развој на волонтерството. Стратегијата ќе придонесе за поуспешно решавање на проблемите во локалната заедница - подобро социјално вклучување на маргинализираните групи, препознавање на волонтерската работа како релевантно искуство и оддавање јавно признание на волонтерите за нивниот ангажман.

Со имплементирање на мерките предвидени со стратегијата, општина Битола може да стане позитивен пример и лидер на подрачјето на унапредување на волонтерската работа.

## 1.2. Методологија

Стратегијата е подготвена следејќи ги принципите на партиципативна демократија, односно на консултативен начин со вклученост на сите заинтерсирани страни – локална власт, јавни институции и државни органи на локално ниво, граѓански организации, образовни институции, бизнис заедницата итн.

Се користеше комбиниран модел на фокусирани расправи преку работна група и широки консултации преку 2 форуми со учество на сите засегнати страни. Најпрвин беше формирана меѓусекторска работна група составена од

претставници од општинската администрација, членови на Совет на општина Битола, претставници на граѓански сектор и јавни институции од Битола. Работната група се формира со цел да се согледаат локаните потреби за волонтери и волонтерски акции и активности и да се обезбеди партиципативност на процесот на креирање на институционален механизам за соработка на ЕЛС и граѓанскиот сектор во општина Битола. Преку работни состаноци, таа имаше за задача да работи на структурата и содржината на стратешкиот документ. Резултатите од работата на нацрт стратешкиот документ за време на работните состаноци на групата беа презентирани и ставени на јавна дискусија на 2 консултативни форуми на кои беа поканети сите засегнати страни. Учесниците на форумот имаа можност преку свои предлози и коментари да дадат придонес во подготовка на стратегијата, со цел стратегијата да ја отсликува вистинската потреба за развој на волонтерството во општина Битола.

Исто така, на почетокот на консултативниот процес, се подготви краток анкетен прашалник кој преку социјалните медиуми послужи како алатка за испитување на јавното мислење за состојбата со волонтерството на ниво на општина Битола. Процесот на подготовка на стратегијата исто така беше следен и консултиран од формираното советодавно тело на проектот „Граѓаните во акција – локални волонтерски стратегии“ составено од претставници од трите пилот-општини вклучени во проектот (Битола, Тетово и Кавадарци), надвеорешен експерт од областа на волонтерството и партиципативната демократија и претставници на трите партнерски организации во проектот: Младински културен центар – Битола, Институт за развој на заедницата – Тетово и Совет за превенција против малолетничка делкивенција – Кавадарци).

## 1.3.Принципи

***Доброволност***

Принципот на доброволност значи постоење на добра волја од страна на чинителите во процесот т.е. институцијата која ангажира волонтери, организацијата која управува со волонтерите и самите волонтери. Сите страни вложуваат со цел општа корист за локалната заедница. Волонтерот - својата енергија, посветеност, труд и време; институцијата - простор и можности волонтерот да учи, да се надградува и да дејствува притоа стекнувајќи конкретно практично искуство; организацијата - своето искуство во управувањето со волонтери и волонтерски практики. Ова е еден од основните принципи кој му дава уникатност на волонтерството пред сите други облици на ангажирање како што се работниот однос или практикантството.

***Еднакви можности***
Овој принцип промовира вклучителност наместо исклучителност или ексклузивитет. Тој повикува на отвореност на сите активни чинители во процесот без постоење на предрасуди и стравови. Овој принцип промовира отворена соработка со разни профили јавни институции, волонтери и здруженија водени од општиот интерес за задоволување на потребите на граѓаните и подобрувањето на условите на животот во заедницата. За овозможување на овој принцип неопходна е максимална транспарентност на чинителите, отстранување на пречките кои влијаат на процесот, како и проактивен пристап и реализација на активности со цел поголема вклученост на граѓаните и нивна мотивација за волонтирање.

***Взаемна доверба и партнерство***
Овој принцип доаѓа како резултат од претходно изградената свесност од страна на чинителите во процесот за вложување во средината, во јавните институции, во градењето на одговорни граѓани на заедницата. Притоа секоја од страните е свесна за својата улога во процесот, како и улогите на другите страни. Градењето на доверба и градењето на партнерски однос значи секоја од страните да си има јасно поставени цели и истите да бидат усогласени со другата страна без нереални очекувања кои излегуваат надвор од рамките на концептот на волонтерство.

***Активна вклученост на засегнатите страни***
Ако се земе предвид дека секоја од страните е зависна од сите други, тогаш лесно е да се претпостави дека без активна вклученост на сите страни во процесот не е можно градење на заеднички успеси. Секоја од страните во своето поле треба да ги користи сите потенцијали кои му се на располагање. Јавните институции да градат капацитети за управување со волонтери, притоа неопходно е и нивно отворање кон јавноста со акцент на младите и нудење на можности за волонтирање; здруженијата во давање на поддршка на јавните институции преку градење на партнерства; институциите на државно и локално ниво во градење на овозможувачка околина за спроведување на активностите и креирање на рамка која ќе ги отстрани сите бариери со цел олеснување на процесите; и секако, проактивни волонтери кои излегуваат од рамките на личната корист во интерес на општата добробит.

***Одговорност***
Сите страни треба да се свесни за одговорноста која ја имаат во целиот процес. Институциите да ја препознаат можноста, преку волонтерството, да ги поттикнуваат младите во стекнување на практични вештини кои ќе им помогнат во нивното осамостојување како личности; здруженијата заедно со другите вклучени страни преку промовирањето на волонтерството да понудат

алернативен модел со цел градење на ценети институции кои нудат подобри услуги на граѓаните; граѓаните со своите идеи и ентузијазам преку преземање на поголема лична одговорност во решавањето на општествените проблеми и нудењето на поддршка онаму каде што е потребно: загадување, здравство, помош на стари лица, работа со деца и сл.

***Отвореност и транспарентност***
Овој принцип е основен предуслов за сѐ погоре наведено да функционира на начин како што треба. Тој, пред сѐ, подразбира препознавање, отвореност и вреднување на концептот на волонтерство. Споделувањето на искуства и информации поврзани со волонтирањето е врвен приоритет. Тоа налага: меѓу-секторска соработка, учество на форуми, саеми и други слични настани на тема поттикнување на волонтерство, он-лајн и оф-лајн споделување на волонтерски искуства, отворени понуди на волонтерски позиции, правење на анализи за резултатите од волонтерските ангажмани и корист на институциите од тоа, усвојување на јасни процедури и политики за управување со волонтери во самите институции и сл.

## 1.4. Целна група и опфат

Стратегијата ќе овозможи заеднички став и силна посветеност кон развој на волонтерството во Македонија од страна на сите засегнати страни:

**1. Граѓанските организации од Битола како посебна целна група, активно вклучени во процесот на креирање на стратегијата.**
Многу од граѓанските организации работат на волонтерска основа, тие не можат да си дозволат платен персонал, како резултат на долгорочна финансиска нестабилност во секторот. И покрај ваквите услови, голем дел од нив го промовираат волонтерството во локалната заедница, организираат волонтерски акции и работни/волонтерски кампови или се вклучени во меѓународни размени на волонтери преку Европскиот волонтерски сервис (EVS) или други програми. Усвоената локалната волонтерска стратегија ќе резултира со поголема поддршка на локални волонтерски програми на граѓанските организации.

**2. Организатори на волонтерска работа**
Стратегијата отвора можности за организиран пристап и координација на волонтери во локалната самоуправа, јавните институции и граѓанските организации. Отвореноста за вклучување на волонтери придонесува за подобрување на ефикасноста и транспарентноста во работењето на овие институции/организации.

Имајќи во предвид дека јавниот сектор, особено институциите од обласка на социјалната заштита се соочуваат со тешкотии при обезбедување на квалитетни услуги за своите корисници, стимулирањето на волонтирање во овие институции може директно да влијае за подобрување на квалитетот на испорачаните услуги, а со тоа и на квалитетот на живот на социјално ранливите категории на граѓани.

**3. Други засегнати страни**

Дел од мерките во овој стратешки документ овозможуваат заедничка соработка и партнерство на полето на волонтерството на граѓанските организации и локалната самоуправа со образовните институции (основни, среди училишта и факултети) и бизнис секторот во насока на локален развој.

**Крајни корисници – граѓаните/локалната заедница во Битола**

Локалната волонтерска стратегија ќе придонесе кон подобрување на квалитетот на живот во локалната заедница. Локалните волонтерски акции директно придонесуваат за нејзин развој. Додадена вредност е тоа што корисниците на локалните волонтерски акции обично се ранливите категории на граѓани. Волонтирањето може да го охрабри граѓанскиот активизам, да ги поврзе граѓаните со локалната самоуправа, но и да ја зголеми ефикасноста, транспарентноста и отчетноста на локалната самоуправа.

## 1.5. Временска рамка

Временската рамка за спроведување на статегијата е четири години и истата ќе се спроведува во периодот од јануари 2015 до декември 2018 година. Во акцискиот план кој е дел од стратегијата подетално е разработена временската рамка за спроведување на планираните активности .

# 2. Анализа на состојбата на волонтерството во општина Битола

## 2.1.Кратка анализа на состојбата во Македонија

Законот за волонтерство на Република Македонија (усвоен 2007) го признава волонтирањето како активност од интерес за Македонија што придонесува за подобар квалитет на живот и ги активира граѓаните во општествениот живот, но и како алатка за развој на демократско општество засновано на еднаквост. Сепак, националните фондови за поддршка на волонтирањето и волонтерските програми се ограничени. Поголемиот дел од иницијативите од областа на волонтерството се финансирани од меѓународни донатори или фондации кои имаат свои канцеларии во Македонија. Локалните самоуправи обезбедуваат буџетска поддршка за граѓанските организации, но и овие средства се ограничени. Мобилизирањето на ресурси од л окалната заедница, исто така, е недоволно развиено, така што поголемиот дел од граѓанските организации се борат да обезбедат финансирање за нивните активности, вклучително и за волонтерски иницијативи. Во јавноста постои општ недостиг на свест за придобивките од волонтирањето. Исто така, постои недостиг на пристап до брзи информации за можностите за волонтирање кај одредени групи на граѓани, особено повозрасните. Тоа доведува до ситуација кога волонтерството не е доволно препознаено, признаено и афирмирано во јавноста.

Од националното истражување спроведено од страна на Младинскиот културен центар – Битола, во рамките на проектот „Волонтерите поддржуваат – поддржете ги волонтерите“, моменталната состојба со волонтерите, односно нивниот статус, говори за нецелосно регулирани односи, кои резултираат со искористување на волонтерите кои неретко заменуваат работни позиции во јавните институции. Вклучувањето на волонтерите во јавните институции претежно се случува преку објавување на огласи, при што не постои развиена пракса за соработка со граѓанските организации кои работат на полето на волонтерството, малку се користи нивното искуство и експертизата при регрутацијата, изборот и обуката на волонтерите и организаторите на волонтерската работа. При тоа, позитивен пример е проектот Локален волонтерски сервис што Младински културен центар – Битола го спроведува континуирано веќе шест години и претставува успешна приказна за систематско и сеопфатно сместување на волонтери на соодветни волонтерски позиции во јавни институции, граѓански организации и локални самоуправи, но со поддршка на странски донатори.

## 2.2. Анализа на состојбата со волонтерството во општина Битола

Од кратката анкета спроведена во август 2014 година преку социјалните медиуми, генералната перцепција за волонтерството и волонтирањето во општина Битола е дека тоа е активност корисна за заедницата, а скоро поделено е мислењето за тоа колку заедницата знае да ја цени волонтерската работа.

Во Битола, информација за волонтирање најчесто може да се добие во средно или основно училиште што упатува на тоа дека е потребно да се посвети посебно внимание на младите и на образовните институции и програми.

Најголем интерес има за краткорочно волонтирање и тоа при организирање на јавни настани и фестивали. Волонтирањето меѓу младите се перцепира како алатка за стекнување на нови вештини и знаења, но и како можност за стигнување до работна позиција. Од друга страна здруженијата на граѓани во Битола се соочуваат со мали капацитети за волонтерски менаџмент што е клучно за процесот на мотивирање на волонтери, менаџирање со волонтерите и нивно задржување во организацијата.

Граѓанските организации во Битола реализираат повеќе волонтерски програми. Освен вклучувањето на локалните волонтери во рамките на нивното редовно работење, тие вклучуваат волонтери преку програмата на Европскиот волонтерски сервис (EVS). Во Битола оваа програма ја работат неколку младински здруженија кои вклучуваат странски млади волонтери во нивните активности и кои нудат можност на младите во Битола да работат на проекти во странство.

Во Битола бројни организации, училишта и општина Битола досега биле домаќини на волонтери од САД кои пред сè се вклучени во поддршка на разни еколошки проекти, активности на младинските организации, родова еднаквост, поддршка на наставниците по англиски јазик во училиштата и во самата општина Битола. Програмата на Мировниот Корпус на Македонија е дел од поддршката која Владата на САД ја обезбедува на земјите низ целиот свет. Од 1996 година, па се до денес, повеќе од 200 американски волонтери на Мировниот Корпус соработуваа со нивните колеги од Македонија.

Граѓанските организации во општина Битола често реализираат и локални волонтерски акции преку кои овозможуваат активно учество на локалното население без оглед на возраста, образованието и верувањата во развојот на локалната заедница. Во зависност од интересите на граѓанските организации и потребите на заедницата локалните волонтерски акции се тематски и придонесуваат за заштита на животната средина, овозможуваат работа со деца од ранливи групи, помош на стари лица, работа со деца, логистичка поддршка на јавни настани, хуманитарни активности за одредена целна група или поединци, реновирање на одредени објекти важни за локалната заедница и слично.

Особено важен придонес за поттикнување на волонтирањето на младите луѓе во јавните институции и локалната самоуправа во Битола има долгорочната програма на Младинскиот културен центар Битола - Локален волонтерски сервис (ЛВС) поддржана од американските фондација National Endowment for Democracy и Balkan Trust for Democracy, како и амбасадите на САД и Швајцарија во Република Македонија. Преку оваа програма од 2009 година до денес во Битола волонтирале 455 волонтери во општинската администрација, судовите, градинките и јавните институции од областа на социјалната заштита. ЛВС претставува структура која работи на развојот и имплементацијата на квалитетен систем за волонтерско менаџирање и дава придонес во решавањето на проблемите во локалните заедници преку воспоставување на баланс помеѓу понудите и потребата од волонтери. ЛВС ги почитува меѓународните стандарди за волонтерски менаџмент што вклучува организрана работа и со волонтерите и со организаторите на волонтерската работа.

# 3. Специфични цели

## 3.1. Промоција на волонтерството во општина Битола

Оваа цел подразбира поттикнување на интересот за волонтирање кај пошироките групи, зголемено присуство на информации за вредностите на волонтерската работа во медиумите, зголемување на видливоста на резултатите од волонтерскиот ангажман и обезбедување на простор за вреднување и оддавање признание за волонтерскиот ангажман.

***Општината ќе се заложи за:***

• Поддршка во реализација на кампања за промоција на волонтерството и волонтерските вредности до различни целни групи во соработка со граѓанските организации од Битола;

• Вклучување на локалните и националните медиуми во поддршка на кампањата;

• Вклучување на локалните бизниси и училиштата на ниво на општина Битола во поддршка на кампањата;

• Поддршка на активностите на граѓанските здруженија за промоција на волонтерството и нивно промовирање на официјалната веб страна на општината;

• Воспоставување на механизам за јавно оддавање признание на поедници/институции/фирми за особен придонес од областа на волонтерството.

## 3.2. Поттикнување на волонтирањето на локално ниво

Оваа цел подразбира обезбедување на механизми за поттикнување на граѓаните за волонтерски активности од една страна и поттикнување на потенцијалните организатори на волонтерска работа да развиваат волонтерски програми со што би се обезбедил простор за потенцијалните волонтери.

***Општината ќе се заложи за:***

- Континуирано организирање на локални волонтерски акции во соработка со граѓанските организации;
- Континуирано функционирање на Локалниот волонтерски сервис за волонтирање во јавни институции;
- Промоција на корпоративното волонтирање и општествената одговорност на локалните бизниси преку организирање на заеднички промотивни настани и волонтерски акции во заедницата;
- Соработка на граѓанските организации, училиштата и бизнис секторот за одбележување на меѓународниот ден на волонтерството.

## 3.3. Интегрирање на волонтерството во образовниот систем

Оваа цел подразбира посветување на посебно внимание на средношколците и студентите како возрасна група која пројавува најголем интерес за волонтирање и која доколку во оваа фаза се активира волонтерски, голема е веројатноста дека ќе го практикува волонтерството и во другите фази од животот.

Поради комплексноста на образовните програми, не е едноставно учениците и студентите да издвојат слободно време и да се вклучат во програмите на други организатори на волонтерска работа, но вклучувањето на волонтерството во образовниот систем им нуди можност да волонтираат и да ги почувствуваат придобивките од волонтерската работа за време на образовниот процес.

***Општината ќе се заложи за:***

- Стимулирање на волонтирањето на младите преку воведување на темата волонтирање во наставните програми за класен час и поддршка на иницијатива за функционирање на волонтерски клубови во училиштата;
- Јакнење на вештините на наставничкиот кадар за волонтерски менаџмент;
- Развивање механизам во училиштата за препознавање и признавање на волонтерскиот ангажман на учениците;
- Поддршка на граѓанските организации за имплементирање на волонтерски програми во училиштата и факултетите.

## 3.4. Воспоставување систем за институционална поддршка на волонтерството

Оваа цел подразбира воспоставување на механизам за спроведување на мерките зацртани во Локалната стратегија за волонтерство на општина Битола и зголемување/јакнење на капацитетите на засегнатите страни. Оваа цел обезбедува локален развој користејки го волонтерството како алатка.

***Општината ќе се заложи за:***

- Воспоставување на Локален совет за волонтерство* во кој ќе членуваат претставници од општината, граѓанските организации и јавните институции/установи;
- Практикување на моделите за јавно приватно партнерство и меѓусекторска соработка за заедничко подготвување и спроведување на волонтерски проекти и активности за локален развој;
- Јакнење на капацитетите на сите засегнати страни (општината, граѓанските организации, образовните институции и бизнис секторот) од областа на волонтерскиот менаџмент;
- Одржување на функционална дата база со волонтери и волонтерски позиции во соработка со граѓанските организации;
- Обезбедување на финансиски и технички ресурси (планирање на буџет) за поддршка на програми и проекти на здруженија на граѓани за волонтирање во општина Битола во насока на локален развој.

# 4. Спроведување, следење и ревизија

Додека не се формира Локален совет за волонтерство*, општината и граѓанските организации ќе го следат процесот на спроведување на стратегијата, како и нејзината ефективност, со цел да го прилагодат на моменталните потреби. Локалниот совет за волонтерство ќе подготви план за следење на спроведувањето на стратегијата.

Меѓу другото, планот ќе предвиди на крајот на секоја година да се поднесува извештај до општината за извршените активности и постигнатите цели во спроведување на стратегијата. Резултатите од извештајот ќе се засноваат на проверка на достигнувањето на предвидените индикатори, реализирање на активностите во предвидените рокови, проактивноста на општината, здруженијата на граѓани, бизнис секторот, училиштата и медиумите во спроведување на активностите, како и препораки за измена и прилагодување на стратегијата и акцискиот план кон состојбите и потребите.

Општина Битола и Локалниот совет за волонтерство ќе ја имаат примарната улога во координирање и спроведување на стратегијата. Истите се надлежни за периодична оценка и известување за начинот на спроведување на стратегијата. Сите информации ќе бидат достапни до Советот на општина Битола.

*Локален совет за волонтерство – составот, надлежностите, изборот и мандатот ќе бидат утврдени со посебна одлука на Советот на општина Битола. 7 членови – 3 НВО, 1 јавна институција, 1 образовна институција, 2 општина Битола. Мандат од 2 години со право на еден реизбор.

# 5. АКЦИСКИ ПЛАН

| СЦ 1 | Промоција на волонтерството во општина Битола | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Р.б | Очекувани резултати | Активности | Одговорни институции | Временска рамка | Индикатори | Финансиски средства |
| 1.1 | Изготвена и реализирана е кампања за промоција на волонтерството и волонтерските вредности до различни целни групи во соработка со граѓанските организации од Битола | - Изработка на лого<br>- Подготовка на флаери и банери<br>- Комплетен дизајн на кампања (мотивирачки слогани и информативни текстови) и ПР план | ЗГ<br>ЛС | 2015 | - Изработено лого- Број на испечатени флаери<br>- Подготвен банер<br>- Изработен ПР план | Донатори |
| 1.2 | Вклучени се локалните и националните медиуми во поддршка на кампањата | - Потпишан е меморандум за соработка со локални и регионални медиуми<br>- Објавување на прилози, статии, интервјуа, телевизиски и радио емисии | ЗГ | 2015-2018 | - Потпишан меморандум<br>- Бр. на објави во пишаните и електронски медиуми | //////// |
| 1.3 | Вклучени се и училиштата на ниво на општина Битола во поддршка на кампањата | Организирани промотивни настани | ЗГ<br>ЛС | 2015-2018 | Број на промотивни настани | донатори |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.4 | Подготвени се мерки за поддршка на активностите на граѓанските здруженија за промоција на волонтерството и нивно промовирање на официјалната веб страна на општината и на официјалната веб страна волонтер.мк (страна за информирање за актуелните волонтерски програми и промоција на волонтерството како концепт) | - Изготвен план на активности<br>- Назначување лице за ажурирање на информациите и дистрибуирање до одговорните во ЛС за одржување на веб страната | ЛС<br>ЗГ | 2015-2018 | - Донесен план за активности<br>- Број на објави на официјалната веб страна на општината и на веб страната волонтер.мк | ////////// |
| 1.5 | Воспоставен е механизам за јавно оддавање признание на поедници/институции/фирми за особен придонес од областа на волонтерството | - Изготвени критериуми<br>- Организирање на настан на кој ќе бидата доделени признанијата | ЗГ | 2015-2018 | - Број на доделени признанија | Општина Битола /донатори |
| СЦ 2 | Поттикнување на волонтирањето на локално ниво | | | | | |
| Р.б | Очекувани резултати | Активности | Одговорни институции | Временска рамка | Индикатори | Финансиски средства |
| 2.1 | Воспоставен е Локален волонтерски сервис за волонтирање во јавни институции кој континуирано работи | - Номинирање на лице одговорно во институциите<br>- Номинирање на лице за комуникација/ посредување помеѓу организаторите на волонтерска работа и волонтерите<br>-Номимирање на лице одговорно за дата базата на волонтери и организатори на волонтерската работа<br>-Изготвен план за волонтирање | Јавни институции<br>ЗГ | 2015-2018 | - Донесен план за волонтирање | /////////// |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2..2 | Изготвен е план за организирање на локални волонтерски акции во соработка со граѓанските организации | - Организирање на волонтерски акции<br>- Мобилизација на волонтери | ЗГ | 2015-2018 | - Број на организирани волонтерски активности<br>- Број на учесници на волонтерските акции | донатори |
| 2..3 | Се промовира корпоративното волонтирање и општествената одговорност на локалните бизниси | - Организирање на заеднички годишни промотивни настани и волонтерски акции на бизнис заедницата и ЗГ<br>- Подготовка на програма за корпоративното волонтирање и општествената одговорност | ЛС<br>СГ | 2015-2018 | - Број на зеднички промотивни настани<br>- Број на учесници<br>- Усвоена програма | донатори |
| 2..4 | Соработуваат граѓанските организаци и училиштата за одбележување на меѓународниот ден на волонтерите | - Одбележување на меѓународниот ден на волонтерите | ЛСВ<br>ЗГ | 2015-2018 | - Број на настани<br>- Број на учесници<br>- Прилози во медиумите | Општина Битола/донатори |
| 2..5 | Развиени се механизми за финансиска поддршка на волонтерски програми и проекти | - Изработени критериуми за финансиска поддршка<br>- Објавување на јавен повик<br>- Изработка на апликациски формулар | ЛСВ | 2015-2018 | - Број на поддржани волонтерски програми и проекти | |
| СЦ 3 | Интегрирање на волонтерството во образовниот систем | | | | | |
| Р.б | Очекувани резултати | Активности | Одговорни институции | временска рамка | Индикатори | финансиски средства |
| 3.1 | Подготвени се мерки за стимулирање на волонтирањето на младите преку воведување на темата волонтирање во наставните програми за класен час и поддршка на иницијатива за функционирање на волонтерски клубови во училиштата | - Изработена програма за темите за волонтерство на класен час<br>- Формирани волонтерски клубови во училиштата | ЛСВ<br>ЛС | 2015-2018 | - Број на теми за волонтерство кои ќе се предаваат на класен час<br>- Број на формирани волонтерски клубови во училиштата | донатори |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 3..2 | Зајакнати се вештините на наставниот кадар за волонтерски менаџмент | - Изготвување и спроведување на план за континуирано надградување на знаењата, вештините на наставниот кадар за волонтерски менаџмент | ЛС<br>ЛСВ | 2015-2018 | - Број на организирани обуки<br>- Број на наставници опфатени со обуките | донатори |
| 3.3 | Развиени се механизми во училиштата за препознавање и признавање на волонтерскиот ангажман на учениците | Доделување на признанија на учениците за волонтерскиот ангажман | ЛСВ | 2015-2018 | - Број на доделени признанија | //////////// |
| 3.4 | Поддржани се граѓанските организации во процесот на имплементирање на волонтерски програми во училиштата и факултетите. | Континуирано присуство и подршка на граѓанските организации во имплементирањето на волонтерските програми во училиштата и факултетите | ЛСВ | 2015-2018 | % на спроведени акции од волонтерската програма | донатори |
| СЦ 4 | Воспоставување систем за институцион ална поддршка на волонтерството | | | | | |
| Р.б | Очекувани резултати | Активности | Одговорни институции | временск а рамка | Индикатори | финансиски средства |
| 4.1 | Воспоставување на локален совет за волонтерство во кој ќе членуваат претставници од општината, граѓанските организации и јавните институции/ установи | - Номинирање и избор на членови<br>- Донесување на Деловник за работа<br>- Донесување на програма за работа<br>- Мониторинг на имплеменацијата на активностите од локалната стратегија за волонтерство. | ЛС<br>ЗГ | 2015 | - Формиран ЛСВ<br>- Усвоен Деловник за работа<br>- Број на одржани седници на ЛСВ<br>- Усвоена програма за работа | ////////////<br>/ |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 4.2 | Обезбедени услови за практикување на моделите за јавно приватно партнерство и меѓусекторска соработка за заедничко подготвување и спроведување на волонтерски проекти и активности за локален развој | - Изработка на модел за ЈПП и меѓуопштинска соработка<br>- Промотивни настани за потребите на ЈПП и меѓусекторска соработка<br>- Спроведување на заеднички проекти | Локален совет за волонтерство | 2015-2018 | - Изготвен модел<br>- Број на промотивни настани<br>- Број на реализирани волонтерски проекти со ЈПП и меѓусекторска соработка | донатори |
| 4.3 | Зајакнати и зголемени капацитети на сите засегнати страни (општината, граѓанските организации, јавните институции и установи) од областа на волонтерскиот менаџмент | Изготвување и спроведување на план за континуирано надградување на заеењата, вештините и општо капацитетите на вработените во општината, граѓанските организации, образовните институции за волонтерски менаџмент | ЛСВ | 2015-2018 | - Број на спроведени обуки<br>- Број на студиски посети за размена на искуста<br>- Број на обучени волонтерски менаџери | Донатори |
| 4.4 | Изготвена и ажурирана дата база со волонтери и волонтерски позиции | Одржување на функционална дата база со волонтери и волонтерски позиции во соработка со граѓанските организации | ЛСВ | 2015-2018 | - Број на волонтери<br>- Број на волонтерски позиции | ////////////<br>// |
| 4.5 | Обезбедени финасиски и технички ресурси (планирање на буџет) за поддршка на волонтерството во насока на локален развој | Подготовка на анализа за потребните финансиски и технички ресурси за поддршка на волонтерството | ЛСВ | 2015-2018 | - Сума на доделени финансиски средства<br>- Доделени технички ресурси | Донатори |

**ЗАБЕЛЕШКИ:**

